# Годишен Извештај
# за работењето на Секторот за интерна ревизија на ниво на Групација на МКТ за 2012 година

6 март, 2013

Life is for sharing.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година
## ICS категорија: Усогласеност (1/2)

Усогласеност | Финансиско известување | Оперативни активности

### Усогласеност на Планот за опоравување од катастрофи за мрежната технологија (NT)

**Обем**
Целите на ревизијата беа да се прегледа Стратегијата за опоравување од катастрофи (Disaster Recovery) за клучните системи на мрежната технологија (NT), да се провери планот за опоравување од катастрофи по NT систем, да се процени имплементацијата, спроведените тестови и документацијата.

**Наод**
Процесот за развој и имплементација на Планот за опоравување од катастрофа мора да се подобри. Деталните Планови за опоравување од катастрофа (DRP) треба да се изработат онаму каде што таквите недостасуваат. Тестирањата на сценарија за опоравување од катастрофа треба да се подобрат.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со подобрените процес и тестирања на Планот за опоравување од катастрофи и развиениот акционен план, ќе се исполнат предусловите за ефективна имплементација на Планот за опоравување од катастрофи.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 5 мерки, 3 се реализирани, а 2 мерки треба да бидат финализирани до 31.05.2013.

### Усогласеност на набавки (последователна ревизија)

**Предмет**
Целите на ревизијата беа да се верификува реализацијата на договорените мерки на планираната ревизија "Усогласеност на набавки" извршена во 2011 година, со посебен акцент на извршувањето на тендери.

**Наод**
Сите мерки на ревизијата "Усогласеност на набавки" се реализирани. Одобрувањето на тендерските критериуми од страна на главните директори пред започнување на тендерот не ги дава очекуваните резултати, односно завршување на тендерите во разумно време. Идентификуван е незавршен и долготраен тендер (повеќе од 6 месеци).

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со имплементирање на препораките, интерните контроли ќе бидат зајакнати.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
2 препораки беа предложени од страна на Секторот за Интерна ревизија на ниво на Групација. Нема мерки за имплементација од страна на менаџментот на компанијата.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година
## ICS категорија: Усогласеност (2/2)

Усогласеност | Финансиско известување | Оперативни активности

### Интерни контроли во работењето на Т-продавниците

**Предмет**
Целта на ревизијата беше да се ревидираат следните процеси на работењето на Т-продавниците: управување со залихи, склучување договори, ракување со корисничка документација и управување со готовина.
**Наод**
Интерните контроли во врска со управување со залихи, склучување договори, ракување со корисничка документација и управување со готовина мора да се зајакнат.
**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на договорените мерки, ќе се подобрат интерните контроли.
**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 9 мерки, 6 се реализирани. Преостанатите мерки треба да бидат финализирани до 01.07.2013.

### Реализација на придобивките од заедничкото претпријатие за набавки и рамковните договори (Заедничка ревизија на Дојче Телеком)

**Предмет**
Целите на ревизијата беа да се процени квалитетот на процесот на соработка помеѓу "BUYIN" и МКТ, оперативната ефективност, како и да се верификува дали договорените придобивки се реализирани преку "BUYIN".
**Наод**
Локалните процеси не можат правилно да се ре-дизајнираат поради тоа што недостасува јасен процес од страна на "BUYIN". Оперативната ефективност на "BUYIN" не може да се процени поради тоа што не е финализиран ниеден проект. Процесот на набавка во врска со корисничката опрема е стабилен и продуцира позитивни резултати, исто како и пред "BUYIN".
**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на препораките и мерките упатени до "BUYIN", интерните контроли ќе се зајакнат.
**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Сите мерки се упатени до "BUYIN" од страна на Дојче Телеком. Нема мерки за имплементација од страна на менаџментот на компанијата.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година

## ICS категорија: Финансиско известување (1/2)

Усогласеност | **Финансиско известување** | Оперативни активности

### Точност на Однапред предвидените трошоци

**Предмет**

Предмет на ревизијата беше: проверка на усогласеноста со сметководствените принципи, контроли и одговорности во процесот на евидентирање на однапред предвидените трошоци и ревидирање на поткрепувачка документација за прокниженитe предвидени трошоци.

**Наод**

Усогласеноста со сметководствените принципи е верифицирана. Процесот на евидентирање на однапред предвидените трошоци е правилно регулиран. Поткрепувачкат документација е задоволителна.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Интерните контроли се воспоставени, но има простор за подобрување.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Од 3 мерки, 1 е реализирана. Преостанатите мерки треба да се финализираат до 31.03.2013.

### Управување со средства (Заедничка ревизија на Дојче Телеком)

**Предмет**

Целта на ревизијата беше да се одреди дали процесот на управување со средства е ефикасен и ефективен. Беше ставен фокус на NT основните средства, управување со основните средства водено од вредност и управувањето со оперативни средства.

**Наод**

Процесот на управување со средства во МКТ е регулиран и имплементиран на задоволително ниво. Проектите за финансиски клучни показатели за извршување на работата и систем за евиденција се во тек.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките, ќе се зајакнат интерните контроли .

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Од 8 мерки, 3 се реализирани. Преостанатите мерки треба да се финализираат до 30.06.2013.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година
## ICS категорија: Финансиско известување (2/2)

Усогласеност | Финансиско известување | Оперативни активности

### ICS контроли на ниво на трансакции

**Предмет**
Да се потврди соодветноста на дизајнот на контролите на ICS (систем за интерна контрола) на ниво на трансакции и нивната оперативна ефективност.

**Наод**
Вкупниот број на тестирани контроли е 13. Ревизијата процени 10 контроли како „адекватни“ (зелени), 1 контрола како „неадекватна“ (црвена) и 2 контроли кои „не се случиле“. Во втората проценка, повторно беа тестирани „неадекватните“ и контролите кои „не се случиле“.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација не мерката, интерните контроли се проценети како ефикасни.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Мерката е извршена. „Црвената“ контрола беше корегирана, повторно тестирана и оценета како „адекватна“.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година
## ICS категорија: Оперативни активности (1/3)

Усогласеност | Финансиско известување | **Оперативни активности**

### Имплементација и одржливост на безбедноста на системите за мрежна технологија (Заедничка ревизија на Дојче Телеком)

**Предмет**
Целта на ревизијата беше да се процени безбедносниот статус на системите за мрежна технологија (NT) преку проверка на имплементацијата на групациската безбедносна рамка, развиена од страна на Дојче Телеком, во МКТ. Да се провери имплементацијата на системот за управување со безбедност (процеси, улоги и одговорности, активности на подобрување, интерфејси со други процеси). Безбедносна проверка е извршена за еден NT систем.

**Наод**
Безбедносната рамка на Групацијата Дојче Телеком во најголем дел е воведена. Системот за управување со безбедност на информациите (ISO 27001) е имплементиран и успешно ре-сертифициран во 2012.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Интерните контроли се воспоставени, но потребно е подобрување.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 12 мерки, 4 се реализирани. Преостанатите 8 мерки треба да се финализираат до 30.06.2013.

### Ефективност на процесот на справување со поплаки од корисниците и отстранување на грешки (Заедничка ревизија на Дојче Телеком)

**Предмет**
Целите на ревизијата беа да се процени процесот на справување со поплаки од корисниците и контрола на отстранување на грешки, евалуација на поставувањето и извршувањето на клучните показатели за извршување на работата, како и ревидирање на процесот на анализа на основната причина за настанување на проблеми.

**Наод**
Дизајнот на процесот за справување со поплаки треба да се подобри со цел да се осигури целокупна ефективност. Процесот на отстранување на грешки е соодветно регулиран. Треба да се воведат дополнителни клучни индикатори за извршување на работата во однос на поплаките. Процесот на анализа на клучните причини за настанување на проблеми треба да биде структуриран.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Интерните контроли се воспоставени, но потребно е подобрување.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 9 мерки, 5 се реализирани. Преостанатите 4 мерки треба да се финализираат до 15.09.2013.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година
## ICS категорија: Оперативни активности (2/3)

Усогласеност | Финансиско известување | Оперативни активности

### Програма за задржување на вработени

**Предмет**
Целта на ревизијата беше да се ревидира стратегијата на Човечки Ресурси за задржување на вработените, проверка на процесот за идентификација и задржување на клучни вработени, проценка на усогласеноста на "Програмата за взаемна согласност" и идентификување на методот на планирање на ресурси.

**Наод**
"Програмата за клучни вработени", како дел од инструментот за задржување на човечки ресурси, е запрена поради тековните организациски промени. Резултатот од "Програмата за взаемна согласност" мора да се ревидира. Со имплементацијата на системот за управување со вкупна работна сила, планирањето на ресурси ќе биде соодветно поддржано.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Проверените интерни контроли беа соодветни.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 3 мерки, 2 се реализирани. Преостанатата 1 мерка треба да биде финализирана до 28.02.2013.

### Процес на поставување и одобрување на интерни регулативи

**Обем**
Целите на ревизијата беа да се анализира поставувањето на регулативите на основа на примерок и да се провери процесот за одобрување за различни видови на регулативи.

**Наод**
Мора да се изврши ажурирање и „пречистување" на регулативите. Процесот на одобрување треба да се оптимизира.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со имплементација на мерките, интерните контроли во рамки на процесот за поставување и одобрување на регулативите ќе се зајакнат.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Сите мерки се реализирани.

# Преглед на сите извршени ревизии во 2012 година

## ICS категорија: Оперативни активности (3/3)

Усогласеност | Финансиско известување | Оперативни активности

### Ефикасност на меѓународните програми (Заедничка ревизија на Дојче Телеком)

**Предмет**
Целите на ревизијата беа да се процени имплементацијата на меѓународните проекти на ниво Групацијата "Управување со целокупната работна сила" (Total Workforce Management) и "Штеди за услуга" (Save for Service) и да се оцени ефективноста и ефикасноста на соработката ширум Групација.

**Наод**
Двата меѓународни проекти на ниво на Групација се соодветно имплементирани со помали наоди. Проектот "Штеди за услуга" резултираше со надминување на таргетираните заштеди за 2011 година (133%). Меѓународната соработка ширум Групација е ефективна и ефикасна.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на мерките, ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Сите мерки се реализирани.

### Ре-позиционирање на офицерот за заштита на податоци

**Предмет**
Целта на ревизијата беше да се поддржи развојот на концепт за ре-позиционирање на функцијата – офицер за заштита на податоци.

**Наод**
Секторот за право и Секторот за безбедност се договорија за принципите за соработка за да се осигури висок квалитет на заштита на податоците во рамки на компанијата, вклучувајќи и точна распределба на задачи.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на мерките, ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Од 5 мерки, 3 се реализирани, а 2 треба да се реализираат до 30.06.2013.